Владимир ДАВЧЕВ

**УДК: 165.073 Број, 4.2**

# ЕМЕРГЕНТНИОТ МАТЕРИЈАЛИЗАМ НА ЧАРЛИ ДАНБАР БРОД

## (Прилог кон современата теорија за свеста)

***Кратка содржина***

*Англискиот филозоф Чарли Данбар Брод, кој денес ретко се спомнува и во филозофските енциклопедиите, се одликува со, две клучни карактеристики кои несомнено го вбројуваат во значајните филозофи на 20 век. Како прво би го истакнал неговиот огромен напор, изразен во секое негово дело, да ги класифицира сите логочки и филозофски алтернативи во историјата на филозофијата во решавање на разновидни филозофски прашања и проблеми, проследени со нивните аргументи. Овие аргументи тој ги претставува од нивната најсилна страна. Како второ, Брод пројавува невиден усет за научен пристап кон филозофијата и се однесува кон филозофските теории како способни да станат помалку или повеќе веројатни со помош на фактите на познанието. Во тој правец, Брод во своите дела гради извонредно аргументативен вокабулар со кој го нагласува значењето на филозофскиот проблем за кој пишува, истакнувајќи ги во прв ред грешките кои се направени во однос на проблемот, а кои не смеат да се повторат, доколку сакаме да дојдеме до негово надминување. Неговиот, на моменти студен и рационален филозофски вокабулар, а за неговите критичари неретко и премногу природнонаучен, не остава простор за „метафизички медитации“ и го вредува во острите критичари на традиционалната филозофска мисла. Во прилог на изреченото ќе се обидам преку анализа на ставовите на Брод за односот помеѓу духот и тело да укажам на неговото значење и улога во филозофијата на 20 век, а посебно во креирањето на современата теорија за свеста.*

***Клучни зборови:*** *ЕМЕРГЕНТИЗАМ, СЕТИЛНОСТ, ДУХ-ТЕЛО, СВЕСТ.*

Филозофијата на 20 век е особена по изразито критичкиот однос кон традиционалните филозофски системи, традиционалните филозофски методи и цврсто инсистирање на надминување и отфрлање на метафизиката. Според мислењето на повеќето историчари на филозофијата на 20 век, филозофијата како никогаш во својата историја не била разбиена на толку голем број правци и учења, при што и определување на филозофски правец е доведено во прашање. Да се препознае некој правец во филозофија на 20 век, многу повеќе значи да се препознае одреден стил или начин на „учество" во филозофијата во кој многу повеќе се задржува автентичниот стил на авторот, отколку одредена клучна идеја или термин што го поврзува него со други филозофи од тој правец. Во прилог на овој став може да наведеме голем број значајни имиња на филозофи кои ја одбележаа филозофијата на 20 век, но јас одлучив тоа да го илустрирам со филозофијата на англискиот филозоф Чарли Данбар Брод.

Не верувам дека многумина би се согласиле со тврдењето дека Чарли Данбар Брод со неговите филозофски ставови извршил „значајно" влијание во развојот на филозофската мисла на 20 век. Овој филозоф, кој денес ретко се спомнува и во филозофските енциклопедиите, се одликува со, според мое мислење, две клучни карактеристики кои несомнено го вбројуваат во значајните филозофи на 20 век. Како прво би го истакнал неговиот огромен напор, изразен во секое негово дело, да ги класифицира сите логочки и филозофски алтернативи во историјата на филозофијата во решавање на разновидни филозофски прашања и проблеми, проследени со нивните аргументи. Овие аргументи тој ги претставува од нивната најсилна страна. Како второ, Брод пројавува невиден усет за научен пристап кон филозофијата и се однесува кон филозофските теории како способни да станат помалку или повеќе веројатни со помош на фактите на познанието. Во тој правец, Брод во своите дела гради извонредно аргументативен вокабулар со кој го нагласува значењето на филозофскиот проблем за кој пишува, истакнувајќи ги во прв ред грешките кои се направени во однос на проблемот, а кои не смеат да се повторат, доколку сакаме да дојдеме до негово надминување. Неговиот, на моменти студен и рационален филозофски вокабулар, а за неговите критичари неретко и премногу природнонаучен, не остава простор за „метафизички медитации" и го вредува во острите критичари на традиционалната филозофска мисла. Во прилог на изреченото ќе се обидам преку анализа на ставовите на Брод за односот

помеѓу духот и тело да укажам на неговото значење и улога во филозофијата на 20 век.

Во формирање на филозофските ставови на Чарли Данбар Брод големо влијание имаат неговите професори – Бертранд Расел (B.Russel), Н. Вајтхед (N.Whitehead) и Џ. Мур (G.Moor). Иако Витгенштајн му бил долгогодишен колега, Брод никогаш не бил наклонет кон него ниту кон неговите сфаќања. Неговиот пристап кон проблемот за односот меѓу духот и материјата, понекогаш е дијаметрално спротивен на ставовите на застапниците на „аналитички дух" во философијата, што тешко би го ставило во ред со нив. Меѓутоа, доколку ја земеме во вид разликата што тој ја повлекува помеѓу критичката и спекулативната философија, тогаш неговото дело секако спаѓа во редот на критичката и антиметафизичка мисла на философијата на 20 век.

Неговот најзначајно и обемно дело (преку 650 страни) „Духот и неговот место во природата" претставува детално испитување на односите меѓу духот и телото, проблемите со кои се соочува филозофијата по тој однос и грешките кои се направени во традиционалната филозофија кога станува збор за еден значаен проблем како што е дух-тело релацијата. Истовремено ова дело претставува и презентација на алтернативните решенија за кои Брод смета дека претставуваат излез од лавиринтот во кој се заплеткала традиционалната филозофија во правец на проблемот дух-тело. Меѓутоа, треба да се напомене дека ова обемно дело е всушност подлабока елаборација на ставовите кои Брод ги навестува во две претходни дела. Првото е „Научната мисла", а второт „Истражувања на МакТагартовата филозофија", при што критичките забелешки изнесени кон МакТагартовиот систем, се клучни за настанување на делото „Духот и неговот место во природата". Брод буквално ја разбива теоријата на МакТагарт, според која стварите кои ние погрешно ги перципираме како физички предмети протегнати во просторот и времето се всушност безвремени духовни партикуларности, побивајќи ги неговите аргументи и нагласувајќи ги грешките при што укажува на значајни моменти за современата теорија за духот.

Според мислењето на Брод, феномените на духот се феномени на свеста. Централно место во неговата теорија е лоцирање на местото што духот го има во физичкиот свет (природата). Доследниот и строг пристап во определување на духот и неговото место во природата најдобро ги илустрира 14-то поглавје од неговото обемно

дело – „Духот и неговот место во природата", каде Брод таксативно набројува 17 различни стојалишта за релацијата ментално-физичко. Од 17-те набројани релации може да се дојде до сознание дека менталното е или непостоечко (delusive), или дека е редуцирливо, или дека е емергентно или дека е основно својство на супстанцијата (односно нејзин определувачки атрибут). Од друга страна и физичкото може врз основа на овие 17 различни стојалишта да се определи исто како и менталното. Во овој текс јас ќе се задржам поконкретно на неговото сфаќање за емергентизмот.[1]

Почетна точка во Бродовата теорија за духот е сфаќањето дека непосредните предмети на перцепцијата се сетилните податоци, што тој ги нарекува „sensa". Основната претпоставка од која тој поаѓа би можеле да ја изразиме во следнава определба: Секогаш кога навистина изрекуваме суд за $x$ (некој физички предмет), како што нам ни изгледа, дека има духовна карактеристика $q$, тоа што всушност се случува е дека ние сме непосредно свесни за извесен објект (сетилен податок) кој што (а) навистина има карактеристика $q$ и (б) стои во некоја посебно интимна релација, која треба допрва да биде одредена, спрема $x$. Според Брод, оваа „посебна релација" е содржана делумно во фактот дека физичките предмети се „манифестираат" преку сетилните податоци и придонесуваат за нивно настанување. Врз основа на сетилни податоци, ние без колебање веруваме во постоење на светот на физичките предмети, но не го изведуваме постоењето на светот на физичките предмети од природата на нашите сетилни податоци, ниту пак би имале право тоа да го чиниме. Така тој вели:

---

[1] Емергентизмот е теорија која главно се однесува на материјалниот (физичкиот) свет. За разлика од застапниците на редукцискиот материјализам кои сметаат дека само најмалите делови на материјата имаат единствени својства, застапниците на емергентизмот сметаат дека заедно со сложеноста, посебно со структурата и комплексноста, а посебно со структурата и функцијата, одат својства кои се единствени и кои не можат да се најдат во најситните делови на материјата. Додека за основните својства на материјата, како што е например, тежината, се смета дека е главно квантитативно и мерливо својство, емергентните својства се главно квалитативни и немерливи (неопределиви). Согласно емергентизмот, својствата на многусложните системи не се редуцирливи на нивните конститутивни елементи, иако не можат да постојат без нив. Тоа би значело дека емергентизмот го сфаќа духот како состојба „потполно различна" од материјалниот мозок, но емергенцијата, пројавувањето на оваа „потполно различна сосотојба", е врзана за постоење на некаков материјален мозок.

> Кога не би постоеле разумни појави за кои сум свесен, претпоставувам дека не би тврдел дека постои било каква физичка реалност. Но, од друга страна, не постои ништо во моите сетилни податоци што би ме натерало да заклучам логички дека нешто мора да постои надвор и зад нив, при што тоа ги има конститутивните својства на физичките предмети. Верувањето дека нашите сетилни податоци се појава на нешто потрајно и посложено од нив самите се чини примитивно како и тоа дека неминовно се јавува во нас со чувствувањето на сетилните податоци. До него не се доаѓа со изведување, ниту пак тоа би можело логички да се оправда со изведување. Од друга страна, нема основа тоа да се побие логички или да се ослободиме од него, ниту пак, колку што јас гледам, да ги координираме фактите без него. (Broad,1949)

Стојалиштето на Брод е дека не постои метод со кој би можело да се докаже дека постоењето на физичките предмети има било каква почетна веројатност. Со исклучок на нашата свест за менталните состојби и акти, единствено што поседуваме се само сетилни податоци кои не се такви за да може *идејата* за физичкиот предмет да се апстрахира врзниван основа. Оваа идеја е дефинирана со збир на постулати кои Брод ги нарекува категории, при што постулатите се однесуваат на тоа дека било што, што е вредно да го носи името 'физички предмет' мора да постои во одредено времетраење и за време на неговото постоење мора да поседува „одредено карактеристично единство и континуитет". (Broad,1976) При тоа, тој физички предмет треба „буквално да се протега во просторот, да персистира и стапува во взаемни односи со другите физички предмети во моментите кога никој тоа не го перципира, да е перцептибилен, макар во теоријата, од страна на различни набљудувачи во исто време и од страна на исти набљудувачи во различно време и да има барем уште едно суштинско својство покрај оние кои се чисто временско-просторни." (Broad,1976) Перцепцијата на физичкиот предмет, според Брод, го чини предметот посебен каузален фактор во создавањето на сетилните податоци. Меѓутоа, доколку сакаме да го оправдаме ваквото „инстинктивно верување", дека овие постулати се задоволени, мора да направиме еден неизвесен чекор на доделување на почетен степен на веројатност на содржината на ова верување. Дури откако ќе го сториме тоа, можеме да се потпреме на перципираните својства на сетилните податоци во врска со физичките предмети.

Но и тогаш, не ќе можеме сигурно да тврдиме дека физичките предмети имаат исти определувачки просторни карактеристики како сетилните податоци преку кои тие се манифестираат. Сепак ќе бидеме во состојба да одредиме, со висок степен на веројатност, какви определувачки просторни карактеристики тие поседуваат во посебните случаи на перцепција, со помош на разгледување на природата и корелацијата на сетилните податоци што одговараат на тој посебен случај на перцепција. Тоа што немаме право да го изведеме врз основа на природата и корелацијата е дека физичките предмети буквално се карактеризираат, дури и во одредена форма, со разумните квалитети на сетилните податоци, како што се бојата, звуците, вкусовите, мирисите. Најмногу што можеме да заклучиме е дека тие стојат во некаква каузална врска.

Во горе изречените ставови внимателниот читател ќе забележи дека станува збор за силното влијание на идејата на Џон Лок за примарни и секундарни квалитети. Без оглед на тоа што самиот Брод е на мислење дека сличноста на она што Лок го нарекува „идеи за примарните квалитети" со нивните спротивни делови се состои во поседување на едноставни временско-просторни својства, а не во некакво егзактно поистоветување на облиците со кои својствата се здобиваат. Тој се согласува со Лок во верувањето дека надворешните предмети предизвикуваат појави, меѓутоа смета дека оваа каузалност не е директна:

> Ние можеме да не веруваме дека обликот, големината, положбата во просторот, времето, или карактеристиките кои можат сетилно да се осетат во некој сетилен податок, преку кого некој физички предмет се манифестира, непосредно е одреден со овој физички предмет или процесите во него. Напротив, независно неопходниот и доволен услов на сите овие карактеристики на сетилниот податок се наоѓа во границите на регијата што ја зазема телото на перципиентот. Во најдобар случај, надворешните предмети и процеси во него се оддалечени и независно нужни услови на сетилниот податок и неговите карактеристики. (Broad,1976)

Според мислењето на Брод, ова не се единствените каузални фактори кои се одговорни за карактерот на нашите сетилни податоци, или како што тој ги нарекува 'sensa'. Во одредени случаи нивните својства се одредени било директно или индиректно со настаните во духот кој го анимира релевантното тело. Ова секако не треба

да нè наведе дека Брод ги смета сетилните податоци за состојби на духот, бидејќи тој прави разлика меѓу сетилните податоци и нивното настанување во сетилата. За него ‘перцептивната ситуација’ (процес на настанување на сетилните податоци) се состои како од објективен така и од субјективен елемент. Објективниот елемент го сочинува видното поле, доколку се работи за вид, или некое друго сетилно поле, во кое што поле еден или повеќе сетилни податоци е предоминантен. Субјективниот елемент е нешто посложен. Него, Брод го опишува како „маса телесни осети, заедно со одредени специфични емоции, мускулни сензации, претстави и слично.“ (Broad, 1976) При тоа, менталните елементи се наоѓаат не во осетите на сетилните податоци, туку во ефектите на минатото искуство кое нè наведува да ги претвориме нашите сетилни доживувања во посебна перцепција, односно со вокабуларот на Брод „да му дадеме на доживеаниот сенсум одредена надворешна референца.“ (Broad,1976)

Најголем проблем во оваа, да ја наречам „каузална теорија“, претставува умножувањето на просторот и времето. Секој сетилен податок според неговите зборови е: „диференциран дел на поголема и трајна целина, имено сетилното поле кое и самото е пресек на сетилната историја.“ (Broad,1976) Да претпоставиме, на пример, дека сум свесен за блесокот на молњата. Тоа е диференцијација на моето вкупно видно поле во овој момент, а моето севкупно видно поле токму во овој момент се спојува со моите поранешни видни полиња кои што сите заедно ја сочинуваат историјата на моето сетило за вид. При тоа историјата на сетилата е непрекината, таа е, според Брод, некаков вид супстанција, иако не физичка супстанција. Но ова не е едноставно да се разбере и следејќи го Брод ни се наметнува прашањето: Како во тој случај да се однесуваме со празнините до кои доаѓа во нашето визуелно искуство? Не е јасно дали е потребно, и доколку е потребно, врз основ на кои критериуми сетилните полиња кои им претходат на овие прекини можат да се припишат на иста сетилна историја како и оние што следат после прекинот. Проблемот се усложнува кога во игра ќе ги воведеме и сетилните полиња на другите сетила. Така на пример, податоци од сетилата за допир имаат сопствено временско-просторно протегање, како што е тоа случај и со сетилните податоци на останатите сетила. Од таму произлегува прашањето на кој начин сетилните истории, како што ги нарекува Брод, се комбинираат за да го оформат искуството на една личност? Алтернативата, поточно алтернативите, што тој ги нуди ги оставаат

сетилните податоци (sensa) во некој вид неопределеност помеѓу духот и материјата. Првата од овие алтернативи се движи во правец на еден вид неутрален монизам, како оној што го застапуваат Бертранд Расел и Вилијам Џејмс, во кој духот и материјата се разбираат како крајни ентитети на светот на егзистенцијата, при што духот е она што ги „зафаќа“ стварите во сензацијата и универзално во поимите. Втората алтернатива се изразува како емергентен материјализам кон кого Брод изразува нешто поголема наклонетост. Третата алтернатива е емергентниот или менталистички неутрализам, за која Брод не изразува голем интерес. Сите три алтернативи се последица на неговото критичко разгледување на седумнаесет теории во врска со положбата на духот во природата, што тој ги изнесува во неговото, веќе споменато, дело – „Духот и неговото место во природата“.

Теоријата, на која Брод и дава предимство, емергентниот материјализам, ја третира духовноста како сложена карактеристика чии што составни делови се во растечка низа, во смисла дека членовите на низата што подоцна доаѓаат ги инкорпорираат претходните, но не и обратно. Осетите, односно иницијативното референцијално знаење какво што се среќава во перцепцијата и дискурзивното референцијално знаење какво што се среќава во процесот на мислењето, се фактори кои можат, но и не мора, да бидат проследени со афективни тврдења.

Брод не го дели мислењето на застапниците на физикализмот кои ги редуцираат ставовите за менталните доживувања на ставови за физички настани и од таму самите ментални доживувања на физички. Ова го напоменувам поради следново. Нема сомнение дека некои живи организми наизглед покажуваат менталност и тој впечаток не може да биде потполно привиден. Според Брод, доказ за тоа е: „да се каже дека нешто е привидно значи да се каже дека погрешно се верува дека тоа постои, а верувањето, без оглед дали е вистинити или лажно, со себе повлекува духовност.“ (Broad,1976) Ова сфаќање сеуште остава простор за можност карактеристиките што ја сочинуваат духовноста, да можат да бидат сведени на физички карактеристики. Тоа им дава за право на некои автори, Брод да го сметаат за застапник на физикализмот. Меѓутоа, Брод тоа го отфрла со тврдењето дека и во најповолните случаи на перцепција, таа нема облик на отворено однесување кое исклучително се поврзува со перцепција на овој или оној физички предмет. Напротив, постојат сетилни елементи во перцепцијата кои треба да се објаснат. Во тој случај,

кога би морало да се изврши редукција, како што тоа го прави физикализмот, однесувањето би морало да биде молекуларно:

> Да претпоставиме, дека секогаш кога ќе кажам дека имам осет за црвена крпа, исто така е вистинито да кажам дека се одвива молекуларно движење од посебен вид во одреден дел од мојот мозок. Постои смисла да се каже дека е совршено безсмислено да се редуцира едното на другото. Постои едно нешто кое има карактеристика да биде моја свест за црвената крпа. Постои едно нешто кое има карактеристика да биде молекуларно движење. Би требало да биде очигледно... дека без оглед дали овие „нешта" се исти или различни, постојат две различни особености. (Broad,1976)

И покрај тоа што постои фактот дека овие особености се различни, тоа не ги спречува да му припаѓаат на ист субјект. Емергентниот материјализам напротив, бара особеноста на духовноста да припаѓа само на настани кои исто така поседуваат сложен склоп на материјални особености. Кога Брод говори дека факторот на духовност е емергентен, тоа значи дека неговото присуство не може да се дедуцира од составот и однесувањето на материјалните фактори перципирани одвоено еден од друг, односно во комбинација со разни особености. Тука Брод не е многу далеку од сфаќањето дека менталните својства на настаните што ги поседуваат истите се каузално зависни од материјалните особености што овие настани исто така ги поседуваат, доколку материјалните особености се комбинираат на начин на кој тие навистина се комбинирани. Ова сфаќање допушта посебна организација на материјата да биде доволна за настанување на духовност. Меѓутоа, Брод не останува само на ова мислење.

Неговито филозофски дух, уште додека го пишува делото - „Духот и неговото место во природата" е насочен кон собирање материјал за докажување на паранормалните феномени. Тој дури и го изнесува мислењето дека доказниот материјал во прилог на овие феномени е доволно голем, така што врз основа на тој материјал поставил и „сложена теорија" за духовноста. Согласно оваа теорија, духовноста е емергентна карактеристика составена од жив мозок и нервен систем и нешто што Брод го нарекува „психички фактор". При тоа, на овој психички фактори му е доделен неодреден статус на нешто што се наоѓа помеѓу духот и материјата, односно фактор кој има способноста да влегува во различни комбинации и да ги носи трагите на претходното искуство. Поопширно за оваа, по мое

мислење опскурна теорија, Брод говори во неговите „Предавања за психичките истражувања", објавени во 1962 година, но таа ги надминува границите на нашиот интерес за односот на духот и телото, така што можеби во некоја друга прилика ќе проговориме нешто повеќе за неа.

Теоријата на емергентниот материјализам претставува уште еден обид да се надмине проблемот на однос помеѓу духот и материјата, дух-тело релација. Меѓутоа и овој обид, како и секо претходен не е без недостатоци. Ќе посочам на еден недостаток на теоријата на емергентниот материјализам. Теоријата на емергентизмот не става јасно до знаење врз основа на кој принцип на исто доживување му се припишуваат членови на одреден збир особености, било духовни или материјални. Навистина, самиот Брод вели: „Под доживување ќе подразбирам било што што ималку трае, без оглед колку долго постои и дали е квалитативно слично или различно со соседните фази на неговата историја". (Broad, 1976) Но, неговата теорија не ни обезбедува критериуми за индивидуација на настаните. Врз основа на што да одлучиме дека нешто што е својство на молекул од одговарачки тип и својство на црвена крпа е карактеристика на едено исто доживување или два истовремени настани? Би можеле, на пример, да претпоставиме дека кога некој субјект е свесен за постоење на, на пример, црвената крпа, тогаш свеста (свесноста) е причински поврзана и зависна на некаков единствен начин од однесувањето токму на тие молекули на црвената крпа. Во тој случај не би можеле да ја одбегнеме стапицата дека тоа е предмет на „едноставна" научна „спогодба" дали ќе говориме за едно или за две доживувања. Меѓутоа, оваа претпоставка крие во себе една тешкотија. Дури и тогаш кога би можеле да определиме дека доживувањето од посебен вид секогаш е производ на некое молекуларно движење, и кога би можеле да откриеме дека одредени молекуларни движења навистина се одвиваат во даден момент во некој нервен систем, тие би можеле временски да бидат исто така здружени со различни примери на тој вид искуство. Во тој случај, теоријата на емергентизмот ни препушта нам да одбереме кој пример ќе го издвоиме. Несомнено тоа ќе биде примерот кој му припаѓа на она тело чиј нервен систем го регистрира тоа доживување. Но тоа не е одговор на прашањето по кој критериум ќе му го припишеме доживувањето на тоа тело, а не на некое друго?

Несомнено е дека на теоријата на емергентизмот не е без недостатоци и како секоја теорија која се обидува да го редуцира дуализ-

мот во односот на духовното и материјалното, наидува на одредени проблеми. Меѓутоа, несомнено е дека теоријата на емергентниот материјализам на Чарли Данбар Брод е уште еден чекор во правец на востановување на современата теорија за свеста која има потреба да се ослободи од стегите на старата традиционална метафизика и да постави нови хоризонти во надминување на проблемот на интеракција меѓу духо и материјата, духот и природата.

(Рецензент: *доц. д-р Сузана Симоновска*)

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Ayer, A. J. (1990) *Filozofija u dvadesetom vijeku*; (prevod i predgovor Risto Tubi), Sarajevo: Svjetlost.

Broad.C. D. (1949) *Scientific Thought*, London: Routledge Kegan & Paul.

Broad.C.D. (1949) The „Nature" of Continuant, in *Readings in Philosophycal Analysis*, (eds.) H.Fiegel and W.Sellars, New York: Appleton- Centyru-Crofts.

Broad. C. D. (1962) *Lectures on Psychical Research: Incorporating the Perrott Lectures given in Cambridge University in 1959 and 1960* , New York: Humanities Press.

Broad. C. D. (1976) *Mind and its Place in the Nature*, London: Routledge Kegan & Paul.

Chalmers, David (2003) Consciousness and its Place in Nature, in *Blackwell Guide to the Philosophy of Mind*, (eds.) S. Stich and F. Warfield, London: Blackwell.

Vladimir DAVCEV

# EMERGENTISM OF CHARLIE DUNBAR BROAD
## (A Contribution to Modern Theory of Consciousness)

### Summary

*Mental events (consciousness) fit uneasily into our conception of the natural world. On the most common conception of nature, the natural world is the physical world. But on the most common conception of mental events, it is not easy to see how they could be part of the physical world. So it seems that to find a place for mental events within the natural order, we must either revise our conception of mental events, or revise our conception of nature.*

*In twentieth-century philosophy, this dilemma is posed most acutely in Charlie Dunbar Broad's book – The Mind and its Place in Nature, published in 1925. For Broad the phenomena of mind, are the phenomena of consciousness. The central problem is that of locating mind with respect to the physical world. Broad's discussion of the problem culminates in a taxonomy of seventeen different views of the mental-physical relation. According to Broad's taxonomy, a view might see the mental as nonexistent („delusive"), as reducible, as emergent, or as a basic property of a substance (a „differentiating" attribute). The physical might be seen in one of the same four ways. Acctualy, three views are left standing: those on which mentality is an emergent characteristic of either a physical substance or a neutral substance, where in the latter case, the physical might be either emergent or delusive.*

***Key words:*** *EMERGENTISM, MIND-BODY, CONSCIOUSNESS, SENSE-PERCEPTION, SENS DATA.*